**20252504880**

## НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 47 став 1 точка 6 од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/21, 74/24 и 16/25) и член 23 став 2 од Законот за девизното работење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 34/01, 49/01, 103/01, 51/03, 81/08, 24/11, 135/11, 188/13, 97/15, 153/15 и 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/21 и 37/25), Советот на Народната банка на Република Северна Македонија донесе

# ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА НАЧИНОТ И УСЛОВИТЕ ПОД КОИ РЕЗИДЕНТИТЕ КОИШТО НЕ СЕ БАНКИ МОЖАТ ДА ОТВОРААТ И ДА ИМААТ СМЕТКИ ВО СТРАНСТВО

1. Во Одлуката за начинот и условите под кои резидентите коишто не се банки можат да отвораат и да имаат сметки во странство („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 225/25), во точката 8, во ставот 2, точката на крајот од алинејата 8 се заменува со точка и запирка и се додава нова алинеја 9 којашто гласи:

„− којштo е во доминантна сопственост на нерезидент и има договор со финансиска институција од странство за финансирање на плаќањето на обврските кон добавувачи во странство.“

2. Во точката 10, по потточката 10.8, се додава нова потточка 10.9 којашто гласи:

„10.9. За плаќање на обврските кон добавувачи во странство, врз основа на договор со финансиска институција од странство за финансирање на плаќањето на овие обврски, до висината на износот утврден во договорот со финансиската институција од странство за финансирање на плаќањето на овие обврски.“

3. Во точката 13, по потточката 13.8, се додава нова потточка 13.9 којашто гласи:

„13.9. За издавање одобрение за отворање и имање сметка кај странска банка за плаќање на обврските кон добавувачи во странство, врз основа на договор со финансиска институција од странство за финансирање на плаќањето на овие обврски:

− доказ дека резидентот е запишан во трговскиот регистар и во регистарот на други правни лица. Изводот од трговскиот регистар и регистарот на други правни лица треба да биде издаден од надлежен орган и да не е постар од 3 (три) месеци и

− примерок од договорот склучен со финансиската институција од странство за финансирање на плаќањето на обврските на резидентот кон добавувачи во странство.“

4. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 02-39256/8
5 декември 2025 година
Скопје

Гувернер
и претседавач на Советот
на Народната банка на
Република Северна Македонија,
д-р **Трајко Славески,** с.р.